РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КРИВОГАШТАНИ
Бр. 04-812/17
12.12. 2025 год.
КРИВОГАШТАНИ

Врз основа на член 45 став 1 од Законот за административни службеници ("Службен весник на РМ" бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16, 11/18 и ,,Службен весник на РСМ,,бр. 275/19; 14/20; 215/21; 99/22, 208/24), член 50 став 1 точка 14 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 05/02), Конечната ранг листа на кандидати од сите фази на селекција и Предлогот на кандидати за вработување бр. 10-1721/14 од 04.12.2025 година по Јавен оглас бр. 726/2025, Градоначалникот на Општина Кривогаштани донесе:

**ОДЛУКА**

**за избор на прво рангиран кандидат по Јавен оглас бр. 726/2025**

1. За работното место УПР 01 01 В04 000 Помлад соработник координатор на активностите на градоначалникот, Одделение за правни, општи работи и јавни дејности во Општина Кривогаштани, по Јавен оглас бр.726/2025, се избра прво рангираниот кандидат со идентификациски код 49DA864 Стеве Јанчески.
2. По конечноста на Одлуката ќе се донесе Решение за вработување и распоредување на административен службеник.
3. Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавена на интернет страната и огласната табла на Агенцијата за администрација.

**Образложение**

По барање на Општина Кривогаштани бр. 04-812/7 од 02.07.2025 година, Агенцијата за администрација на својата интернет страна и во дневните весници ,,Нова Македонија,, ,,Вечер,, и ,,Коха,, на ден 09.07.2025 година објави Јавен оглас бр. 726/2025 за вработување на државен службеник во Општина Кривогаштани на работно место опишано во диспозитивот на оваа одлука.

Комисијата за селекција на ден 28.07.2025 година изврши административна селекција на пријавените кандидати и со Записник бр. 10-1721/5 констатира дека 15 кандидат имаат поднесено уредна пријава, три кандидати имаат поднесено неуредна пријава и во втора фаза од постапката продолжуваат 10 уредни кандидати.

На ден 07.08.2025 г. во просториите на Агенција за администрација се спроведе испит за административен службеник за што Комисијата за селекција состави Записник бр. 10-1721/7 со кој констатира дека испитот го положил кандидатот со идентификациски код DD9D93F, 0E6AA6D и 9B6A404 и дека во трета фаза продолжуваат кандидатите со идентификациски код A9B8D60, DD9D93F, 49DA864, 79AF4A4 и 01320A0, додека на ден 04.12.2025 г. се спроведе проверка на веродостојност на докази и интервју за што повторно Комисијата за селекција состави Записник бр. 10-1721/12.

Врз основа на резултатите од сите фази на постапката, Комисијата за селекција изготви конечна ранг листа на кандидати од сите фази на селекција за вработување по Јавен оглас бр. 726/2025.

Од извршениот увид во Конечната ранг листа на кандидати од сите фази на селекција за вработување и Предлогот на кандидати за вработување бр. 10-1721/14 од

04.12.2025г., овој орган констатира дека кандидатот Стеве Јанчески со идентификациски код 49DA864 има освоено вкупно 72,75 бодови од сите фази на постапката и истиот е предложен од страна на Комисијата за селекција за работно место УПР 01 01 В04 000 Помлад соработник координатор на активностите на градоначалникот, Одделение за правни, општи работи и јавни дејности, Општина Кривогаштани.

Согласно член 45 став 1 од Законот за административни службеници: ,,Секретарот, односно раководното лице на институциите во кои не се назначува секретар, во рок од пет дена по добивање на предлогот од чл. 44 ставови 1, 3 или 4 од овој закон е должен да донесе одлука за избор,,.

Градоначалникот на Општина Кривогаштани постапувајќи согласно наведените одредби донесе одлука како во диспозитивот.

**Правна поука:** Против Одлуката незадоволниот кандидат може да поднесе жалба до Агенцијата за администрација, во рок од 8 дена од денот на објавувањето на Одлуката на огласната табла и на интернет страната на Агенцијата за администрација.

Градоначалник на
Општина Кривогаштани
Игор Каравилоски